Врз основа на Програмата за активностите на Град Скопје од областа на средното образование во 2026 година (*“Службен гласник на Град Скопје” бр.14/25*), а во врска со член 4 од Правилникот за начинот, условите и постапката за доделување на финансиски средства наменети за кофинансирање на проекти и активности на здруженија, фондации и други правни лица од областа на средното образование од интерес на Град Скопје за 2026 година бр. 08-800/1 од 27.01.2026 година, Град Скопје објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК
## за кофинансирање на проекти на здруженија на граѓани и фондации од областа на средното образование за 2026 година

## 1. ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

1.1 Предмет на Јавниот повик е прибирање понуди за доделување финансиски средства за кофинансирање на проектни активности на здруженија, фондации и други правни лица што работат во областа на средното образование, кои ќе се реализираат во средните училишта под надлежност на Град Скопје за следниве проектни активности:

- Унапредување на дигиталната писменост на учениците и наставниците и примена на креативни алатки( од дигитална технологија, мултимедија до роботика:
  - *организирање обуки, семинари и работилници за наставници и ученици.*
  - *воспоставување партнерства со експертски организации за поддршка на дигиталната едукација.*
- Психосоцијална поддршка и превенција на врсничко и сајбер-насилство:
  - *превентивни програми против врсничко и сајбер-насилство.*
  - *развој на протоколи и механизми за навремено и осетливо реагирање при инциденти.*
  - *едукативни и психолошки поддржувачки активности за ученици, наставници и родители.*
- Развивање на здрави животни стилови кај младите и проактивност во сопствениот креативен развој:
  - *Организирање работилници и промоции кои ќе ја подигнат свеста кај средношколците и пошироката јавност за личната одговорност во заштитата на физичкото, психичкото и социјалното здравје*
- Поттикнување одговорност и активности за заштита на животната средина:
  - *организирање активности за чистење и одржување на зелените површини во и околу училиштата.*
  - *проекти за рециклирање и јавна еко едукација на учениците.*

- *долгорочни еко иницијативи со активно вклучување на средношколците*
- Промоција на родовата равноправност и почитување на правата на учениците,
- *Право на* ***изразување*** *– можност да ги искажат своите мислења, ставови и идеи.*
- *Право на* ***здружување*** *– можност за организирање и учество во ученички здруженија и групи.*
- *Право на* ***учество и вклучување*** *– активно учество во одлучувањето за прашања што ги засегаат учениците.*
- *Други* ***ученички права*** *– кои ги обезбедува законската рамка и школските правила, како заштита од дискриминација, почитување на достоинството, пристап до информации и слично.*

- Унапредување креативни и аналитички вештини на учениците

1.2 Финансиските средства за поддршка на проектните активности се обезбедени од Буџетот на Град Скопје за 2026 година, во вкупен износ од 2.500.000 денари, во рамки на програмата Н2 – Вонучилишни наставни активности во соработка со невладини организации, согласно Програмата за активностите на Град Скопје од областа на средното образование за 2026 година и во согласност со критериумите и приоритетите утврдени со овој Јавен повик.

## 2. ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ПОВИК

2.1 Право на учество на Јавниот повик имаат здруженија, фондации и други правни лица, кои се занимаваат со активности поврзани со унапредување и развој на воспитно-образовниот процес во средните училишта,регистрирани во Централниот регистер на РСМ со седиште во Скопје, кои ги исполнуваат критериумите на Правилникот и кои ја имаат доставено потребната документација.

## 3. ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА КОЈА АПЛИКАНТОТОТ ТРЕБА ДА ЈА ДОСТАВИ КОН ПРИЈАВАТА

3.1 За учество во јавниот повик, апликантот задолжително треба да ја достави следната **документација**:

- *пријава за финансиска поддршка на апликантот, потпишана и заверена со печат од овластено лице (достапна на веб-страницата на Град Скопје www.skopje.gov.mk);*
- *пополнет Образец за предлог- проект (достапен на веб-страницата на Град Скопје www.skopje.gov.mk);*
- *решение за регистрација на апликантот издадено од Централен регистар на РСМ;*

- *копија од тековна состојба на апликантот не постара од шест (6) месеци издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија;*
- *телефонски број за контакт, адреса на апликантот и електронска адреса на лицето задолжено за водење на проектните активности;*
- *потврда од банка за активна трансакциска сметка;*
- *уверение за платени даноци издадено од даночни органи;*
- *потврда за подмирени обврски кон Град Скопје (данок, комунална такса);*
- *изјава дека за приложениот предлог проект не се добиени финансиски средства од Буџетот на Град Скопје во тековната година и истиот нема да биде двојно финансиран од Буџетот на Град Скопје се до неговото завршување.*

3.2 Апликантите во прилог можат да ја достават и следнава **дополнителна документација** и тоа:

- *годишен буџет на апликантот за тековната година;*
- *професионална биографија на стручните лица кои ќе бидат ангажирани во реализација на проектот;*
- *референтна листа или доказ (на пример: потпишан договор) за најмалку 2 проекти реализирани во областа за која се аплицира;*
- *најмалку две препораки/референци од партнери или донатори за реализација на претходни проекти и*
- *писмена поддршка од организациите или институциите за кои ги пријавуваат како учесници во реализацијата на проектот.*

3.3 Апликантите **НЕ можат** да поднесат повеќе од една пријава за финансиска поддршка по овој Јавен повик.

3.4 Во поднесениот предлог проект, апликантите **треба да се определат за еден од проектните активности наведени во точка 1 во јавниот повик**, во рамки на кој ќе го реализираат проектот.

3.5 Активностите предвидени во предлог-проектите на апликантите треба да бидат наменети **исклучиво за 23-те средни училишта во надлежност на Град Скопје**, а во временската рамка: 1- ви април, до 5-ти декември 2026 година.

## 4. КРИТЕРИУМИ И НАЧИН НА БОДУВАЊЕ ЗА ИЗБОР НА АПЛИКАНТИТЕ

4.1 Посебните критериуми и начини за бодување на избор на апликантите се предвидени во Правилникот за начинот, условите и постапката за доделување на финансиски средства наменети за кофинансирање на проектни активности на здруженија, фондации и

други правни лица од областа на средното образование од интерес на Град Скопје за 2026 година бр. 08-800/1 од 27.01.2026 година кој е објавен на веб-страната на Град Скопје.

## 5. НАЧИН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

5.1 За утврдување на исполнувањето на условите и критериумите за доделување на финансиски средства наменети за кофинансирање на проектни активности на здруженија, фондации и други правни лица од областа на средното образование, Градоначалникот на Град Скопје формира Комисија за спроведување на постапка за доделување средства за поддршка на проекти на здруженија, фондации и други правни лица кои работат во областа на средното образование.

5.2 Проектите кои по извршената евалуација од страна на Комисијата ќе бидат вреднувани со помалку од 55 бода нема да бидат квалификувани за добивање финансиска поддршка од Град Скопје.

5.3 Пријавите кои се ненавремени, неуредни (нечитливи) или некомплетни и не ги исполнуваат условите и критериумите, како и оние кои се доставени по e-mail, Комисијата ќе ги отфрла со Заклучок и истите нема да ги разгледува, за што ги известува апликантите чии пријави се отфрлени.

5.4 За пријавите кои се комплетни, невремени и ги исполнуваат условите и критериумите, Комисијата дава предлог до Градоначалникот за избор на аликант за доделување на финансиски средства за реализација на манифестацијата.
Градоначалникот на Град Скопје по предлог на Комисијата донесува Решение за кофинансирање на проекти на здруженија на граѓани и фондации од областа на средното образование заа 2026 година.

5.5 Апликантите чиј предлог проект ќе биде избран за кофинансирање, нема да имаат право да ги менуваат активностите и временската рамка за нивна реализација, опишани во проектот со кој аплицирале, освен со претходно добиена писмена согласност од Град Скопје.

## 6. РОК И НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ

6.1 Рокот за поднесување на пријавите е 10 календарски денови од денот на објавувањето на веб страницата на Град Скопје.

6.2 Потребната документација апликантите да ја доставуваат во затворен коверт преку Архивата на Град Скопје, секој работен ден или на адреса, бул. „Илинден“ бр.82-1000 Скопје, со назнака до Комисија за споведување на постапка за доделување средства за поддршка на проекти на здруженија, фондации и други правни лица кои работат во областа на средното образование.
6.3 Апликантите на јавниот повик ќе бидат известени за резултатите во рок од 15 дена од денот на завршувањето на Јавниот повик.

6.4 **Напомена:** Пријавите со непотполна документација или по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат! Доставените прилози не се враќаат.

**Пријавата за реализација и финансирање на проекти од областа на образованието и Образецот, се достапни на интернет страната на Град Скопје www.skopje.gov.mk во делот Објави, конкурси, настани — Јавни повици.**

*За дополнителни информации:*

Прашања за појаснување може да се постават на електронските адреси на Sultana.Chuleva@skopje.gov.mk и на Natasa.spasova@skopje.gov.mk. mk како и на телефонските броеви на Сектор за образование 02/ 3297-319 и 02/3297-323.